359⁰ N_f_L&S_H

**359⁰ – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики**
Октомвриска револуција 12-1/9; 1000 Скопје
тел./факс: 02 22 51 49 или 070 26 56 95
e-mail: 359net@freemail.org.mk; http://members.nbci.com/web359/

Скопје, 5 март 2001

**Почитувани,**

Дозволете ми во името на ЗГ „359⁰ – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики" да Ви се обратам и да Ве замолам за следните информации.

Како прво, или како што е веќе познато, Здружението во рамките на своите проекти вклучува и изложбен дел со цел визуелизација на темите коишто се предмет на обработка во нив. Како второ, во текот на оваа година Здружението во своите програмски активности за прв пат вклучува мала серија од 4-5 изложбени проекти (самостојни и двојни) во „степен галеријата" којашто делува во рамките на Културната локација „Место" (планот на галеријата е доставен во прилог на овој допис), а коишто треба да бидат изведени вон од редовните и планирани проекти. За таа цел, истото има потреба од поширок увид во тековната уметничка практика во Македонија и, согласно горните намери, да направи анкета меѓу уметниците за проектите коишто ги планираат да ги изведат, а се во согласност со програмските насоки на Здружението. Во оваа идеја на анкетата е вклучен можен избор на проекти коишто во себе ги содржат или разработуваат т.н. „иницијални места" (коишто Ви ги доставувам во прилог на овој допис), било за првиот, било за вториот изложбен концепт.

Здружението, за жал, во овој момент не може да ги покрие трошоците за изведба на проектите и да го исплати авторскиот надомест за уметникот, но преговорите коишто ги водиме со можните спонзори навестуваат изгледи за позитивно разрешување на овој проблем во многу скора иднина. Но, додека тоа не се разреши, тоа што Здружението го обезбедува е организирање на изложбите, покривање во печатот и електронските медиуми, изработка на ксероксирана брошура за потребите на отворањето и, конечно, публикување на проектите во своите публикации (серијата 359⁰ BOOKS). Што се однесува, пак, до малата серија на изложбени проекти, вон од посочените организациски и промотивни активности, Здружението планира на крајот на годината да отпечати засебна единица од серијата публикации посветена токму на оваа мала серија на изложбени проекти. Во оваа публикација ќе бидат поместени текстови коишто ќе го изградат интерпретативниот аспект на избраните и изведени проекти, а во духот на основното делување на Здружението: контекстуализација на уметничкото и културното творештво во Македонија и регионот.

Во очекување дека ќе пројавите интерес за можна соработка, бидете слобни и доставите ги своите предлози до крајот на овој месец или, пак, за дополнителни информации обратете се на тел. 070 26 56 95 или 02 22 51 49.

Со почит,

Небојша Вилиќ

# ЛИСТА
# на
# „иницијални места“

**359° - F L O P P Y ™** [иницијални места] – иницијалните места се одредени од одборот на ЗГ '359° – Мрежа за локални и субалтерни херменевтики'; тие треба да бидат места кои што треба да бидат истражени низ практичните активности. Со нивното одредување најјасно се покажуваат основните цели и настојувања коишто ги претставуваат интересите за поддршка на овој проект. Во таа смисла тие ја претставуваат и неговата стратегија. Овие иницијални места се:

- **Уметноста на субалтерниот** [Како да се дефинираат уметноста и културата во земјите кои што проаѓаат низ пост–колонијалните состојби?]
- **Центар – Периферија** [Дискурс кој што не ги брише, туку ги потврдува културните разлики помеѓу Западните и Источните култури]
- **Философија на историјата – Философија на уметноста: проткајување со причина** [Бришење на недоразбирањата во употребата на философските термини во уметничките и културните толкувања во регионот]
- **Помеѓу наративизмот и историскиот реализам** [Идеолошкиот увоз во историјата на уметноста и културата во Централна и Источна Европа]
- **Средба на субалтерните заедници** [Теми од заеднички интерес за земјите одредени со термините на локалното и субалтерното]
- **Медиуми, Уметност, Политика – замаглување на границите** [Дискурсот за новите медиуми како алатка за бришење на гео–политичките и идеолошките граници]
- **'Ideologiekritik'** [Реформа на културната и уметничко критичката терминологија во современите услови]
- **Местото и улогата на уметноста во граѓанското општество** [Кое е местото и улогата на современите уметници во граѓанското општество?]
- **Културни центри – дезориентирани празни простори** [Проблемот на институциите од поранешните општествени и културни системи]
- **'Eigenes Leben' – уметноста и личниот живот: социолошки дискурс** [Либерализам, 'Risikogesellschaft' и уметностите – како уметностите можат да влијаат врз и да го променат секојдневието и животот на секого]
- **Пукнатина: Исток-Запад, Пукнатина: Исток-Исток, Пукнатина: Трет Свет-Исток, Пукнатина: Трет Свет-Запад** [Улогата на уметноста во надминувањето/премостувањето на пукнатините]
- **Прашања за националниот идентитет? Уметноста и културата во земјите во транзиција** [Кои се моделите, кои се средствата, како да се смени и добие во периодот во транзицијата на вредностите – истражување на корените и понатамошните модели на идентитетот]
- **Теорија на комуникацијата. Недостаток на толкувачки модели** [Проблемизирање на недостатокот на било каква структура на теориите за комуникацијата во регионот]